# ПРОЦЕДУРИ И МЕРКИ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ИЗГРАДБА И ОТВОРАЊЕ НА ДОМОВИ ЗА СТАРИ ЛИЦА

## СОСТОЈБИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Според Пописот на населението од 1994 година, во Република Македонија, учеството на старото население над 60 години изнесува 13%, според Пописот на население од 2002 година учеството на старото население изнесува 15%, а според процените на населението за 2008 година учеството изнесува16,6%.
Најголем процент на старото население има во Пелагонискиот регион и тој изнесува 20,8%. По него следат Вардарскиот, Источниот и Југоисточниот регион со 18,1% старо население. Најмал процент на старо население има во Полошкиот регион и изнесува12,2%.

## СМЕСТУВАЧКИ КАПАЦИТЕТИ И ЦЕНА НА ЧИНЕЊЕ ВО ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА СТАРИ ЛИЦА

Во Република Македонија постојат четири јавни домови за стари лица: Геронтолошки завод- оддел Мајка Тереза – Скопје, Сју Рајдер – Битола, Зафир Сајто – Куманово и Киро Крстески-Платник-Прилеп, чиишто вкупни капацитети за институционално сместување изнесуваат 620 легла.

## СМЕСТУВАЧКИ КАПАЦИТЕТИ И ЦЕНА НА ЧИНЕЊЕ ВО ПРИВАТНИТЕ УСТАНОВИ ЗА СТАРИ ЛИЦА

Во моментов, отворени се вкупно 15 приватни домови за стари лица, со вкупен капацитет од 458 легла. Цената за сместување во приватните домови изнесува од 18.000 до 40.000 денари.
Најголемиот број од приватните домови се лоцирани на територија на Град Скопје, односно од 15 домови, 14 се во Скопје, а само еден во Неготино. Од тука се јавува потребата за проширување на капацитетите за сместување и во другите општини во Република Македонија.

## МЕРКИ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ИНВЕСТИЦИИ ВО ДЕЛОТ НА ОТВОРАЊЕ НА ДОМОВИ ЗА СТАРИ ЛИЦА:

- продажба на градежното земјиште со почетна цена од 1евр. за $м^2$ со намена за изградба на установи за социјална заштита на стари лица – <u>види табела локации</u>

- Посочени објекти од општините кои може да се дадат под долготраен закуп или понудат за јавно –приватно партнерство - со намена отворање на домови за стари лица – <u>види табела објекти</u>

- намалување на цената на комуналните такси за 95%;

- обезбедување на поволни кредитни линии преку Македонската банка за поддршка на развојот за изградба на установи за стари лица – <u>види презентација МБПР</u>

- поволности што се нудат преку АВРМ – <u>види презентација АВРМ</u>

- поволности преку Агенцијата за поттикнување на претприемништвото – <u>види презентација АППРМ</u>

- обезбедена законска можност странски државјани да ги користат домашните капацитети за згрижување, односно да регулираат престој по основа згрижување во дом за стари лица

## ПОСТАПКА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ДОМОВИ ЗА СТАРИ ЛИЦА

1. Потребно е да се достави БАРАЊЕ ЗА ОДОБРЕНИЕ за основање на установа за социјална заштита за стари лица, заедно со ЕЛАБОРАТ кој треба да содржи и АРХИТЕКТОНСКИ ПРОЕКТ (со основи и пресек), за објектот за потребите на граѓаните за определен вид социјална заштита до Министерството за труд и социјална политика (член 89 од Законот за социјалната заштита). Во елаборатот се определува видот и обемот на социјалната заштита, просторните услови, опремата, потребниот број на стручни кадри, обемот на средства и начинот на обезбедување на одржливо ниво на финансирање на дејноста, а согласно со пропишаните нормативи и стандарди за отпочнување и работа на овој вид на установи ("Службен весник на РМ" бр.10/05). Исто така, кон елаборатот се приложува и **квалитетна финансиска (банкарска) гаранција** за континуирано вршење на услугите од доменот на установата најмалку

**за период од 24 месеци** и за надоместување на штетата што може да биде предизвикана на корисниците на услугите, ако установата престане со работа.

2. За барањето за основање на установа за социјална заштита одлучува Владата на Република Македонија, по претходно мислење од Министерството за труд и социјална политика.

3. По издавање на одобрението и по завршување на градежните работи, потребно е основачот да поднесе до Министерството за труд и социјална политика **БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ИСПОЛНЕТОСТ НА УСЛОВИТЕ, заедно со акт за основање** (член 91 од Законот за социјалната заштита), со кој се уредува називот, односно името на основачот, назив, односно име на фирмата на установата и нејзиното седиште, дејноста на установата за социјална заштита, средствата за основање и почеток за работа на установата и начинот на обезбедување на средствата, права и обврски на основачот во поглед на вршењето на дејноста, односно за вршење на работите за кои се основа установата, одговорноста на установата за обврските во правниот промет, вршител на должноста директор, рок за донесување на статутот и други прашања за добивање дозвола за отпочнување со работа.

4. **Врз основа на одобрението за работа и актот за основање, комисија при Министерството за труд и социјална политика, ќе изврши непосреден увид,** со цел да утврди дали се исполнети сите услови и изготвува мислење, врз основа на кое министерот за труд и социјална политика, со решение ќе издаде дозвола за вршење на дејноста.

5. Основачот на установата за социјална заштита за стари лица, врз основа на добиеното решение, ќе донесе статут и ќе ги избере органите на раководење и управување. **На статутот на приватна установа, согласност дава градоначалникот на општината на чие подрачје се наоѓа установата, по претходно добиено мислење од Министерството за труд и социјална политика.**

6. Основачот, со **ОДЛУКАТА** на Владата на Република Македонија, **РЕШЕНИЕТО** издадено од страна на Министерството за труд и социјална политика, **АКТОТ ЗА ОСНОВАЊЕ**, **СТАТУТОТ** и добиените **МИСЛЕЊА ЗА СТАТУТОТ,** ќе изврши **регистрација** на установата за социјална заштита на стари лица **во Централниот регистар на Република Македонија** (член 93 од Законот за социјалната заштита).

7. Решението за упис во Централниот регистар на Република Македонија се доставува до Министерството за труд и социјална политика.

Лица за контакт од Министерство за труд и социјална политика

- ЗОРАН БЛАЖЕВСКИ – **Сектор за социјална заштита**
  ZBlazevski@mtsp.gov.mk моб.тел: 076/456-794

- ДУШАН ТОМШИЌ – **Сектор за социјална заштита**
  dtomsik@mtsp.gov.mk моб.тел: 076/430-611